**З А П И С Н И К**
**од Дванаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 4.7.2017 година**

**Скопје, јули 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дванаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 4.7.2017 година**

Седницата започна во 12.30 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Висар Ганиу, заменик на министерот за образование и наука и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда.

Од седницата отсуствуваа д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 8-та седница на Владата, одржана на 22.6.2017 година
- Усвојување на Записникот од 9-та седница на Владата, одржана на 26.6.2017 година
- Усвојување на Записникот од 10-та седница на Владата, одржана на 27.6.2017 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција, со Предлог-план „3-6-9“

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

**б) економски систем и тековна економска политика**

1. Информација за ревидирањето на Секторската оперативна програма за транспорт 2014 – 2020 (СОПТ 2014-2020), со нов текст на ревидирана Секторска оперативна програма за транспорт 2014 – 2020 (СОПТ 2014-2020)

**в) политички систем**

2. Предлог – закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик

3. Информација за потребата од изготвување Национална стратегија и Акциски план за сузбивање на радикализација и насилен екстремизам (2017-2020), како и изменување на Националната стратегија и Акциски план за борба против тероризам

4. Информација за подготовките за учество на делегација на Република Македонија на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан, на 12 јули 2017 година во Трст, со предлог-платформа за настап на делегацијата

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

**б) политички систем**

5. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „JCET-17-2“ („ЈЦЕТ-17-2“), во Република Бугарија

6. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „TORRI 2017“ („Тори 2017“), во Република Италија
7. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „PLATINIUM LION 17“ („Платинест лав 17“), во Република Бугарија

8. Предлог - одлука за давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба на Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот-Скопје

9. Предлог-решение за изменување на Решението за именување национален координатор, негов заменик, национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, секретар и членови на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

10. Предлог-одлука за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државната управа

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

11. Извештај за работа на Агенцијата за администрација за 2016 година

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

12. Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 383 став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15 и 55/16), поднесена од Адвокатско друштво „Димитровски“ од Битола

13. Иницијатива поднесена од Стамен Филипов од Скопје за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 112 став 1 во деловите: „треба“ и „и сите списи на предметот

од првостепениот орган на второстепениот орган“ од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015)

14. Решение на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.49/2016 донесено на седницата одржана на 25.5.2017 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 60 став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015 и 37/2016)

**д) други предлози**

15. Кадровски прашања

16. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

17. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за издавање на краткотрајна позајмица на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Министерството за одбрана

18. Информација за процесот на проценка на влијанието на регулативата (ПВР)

19. Информација за можностите за користење на средства од Зелениот климатски фонд (Green climate fund) и реноминација на Назначен национален орган (DNA Designated national authority), односно Назначено лице (Focal point) и Технички назнацено лице.

20. Информација за мерките кои се однесуваат за одржливи енергетски системи кои произлегуваат од Повелбата за одржливост, со Повелба за одржливост - План за имплементација

21. Информација за преговорите и предлог-активностите за градење на Регионална економска област на Западен Балкан, иницирана во рамки на Берлинскиот процес, со Анекс 1 и Анекс 2 - листа со претставници на институциите на Република Македонија кои учествуваа на подготвителните состаноци за Предлог - акцискиот план за РЕО (Анекс 2)

22. Информација за статус и идни чекори за проектот „Изградба на експресен пат на делница клучка Дреново-Градско, како дел од крак X-d на патниот коридор X“, предвиден како голем проект во рамките на Секторската оперативна програма транспорт 2014 – 2020

23. Информација за одложената имплементација на наставните планови и програми за I (прва) година на гимназиското образование, средното стручно четиригодишно образование и за средното стручно тригодишно образование

24. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година

25. Предлог-уредба за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 8-та, 9-та и 10-та седница на Владата, одржани на 22.6.2017 година, 26.6.2017 година и 27.6.2017 година.

*

*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција, со Предлог – план „3-6-9“**

Владата расправаше за Состојбите и напредокот во процесот на европска интеграција, со Предлог–план „3-6-9“, го разгледа Планот „3-6-9“, со осврт на тримесечните цели и го усвои со следниве заклучоци:

1. Во делот на работата на Собранието, точката „Зајакнување на отчетноста на Владата на Република Македонија кон Собранието на Република Македонија“, да се допрецизира во смисла Владата да му предложи на Собранието да воведе тематски пратенички прашања, еднаш неделно во траење од еден час, покрај редовните.

2. Во делот Реформата на јавната администрација (РЈА), да се преформулира точката „Доставување извештаи од институциите до Владата, за постапување по однос на заклучокот за декласификација на документите од јавен карактер“ и истата да гласи „Владата ќе донесе одлука за декласификација на сите документи коишто се од интерес на јавноста“.

3. Во делот на изборите, во точка 2 „Предлог за разрешување на директорот на јавниот радиодифузен сервис – Македонска радио-телевизија, доколку во следниот Извештај на ОБСЕ/ОДИХР за изборниот процес се констатира небалансирано известување“, зборот „Предлог“ се заменува со зборот „Услов“.

4. Во делот на медиумите, во точка 5 „Подготвување предлог-измени на Закон за медиуми и Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои ќе обезбедат примена на етичкиот кодекс за известување во и вон изборите, како и за зајакнување на независноста и капацитетот на

медиумскиот регулатор и јавниот радиодифузен сервис“, зборот „обезбедат“ се заменува со зборот „овозможат“.

5. Во делот на имплементацијата на Охридскиот договор, во духот на кохезија, зборовите „Владата се договори за затворање на легислативните елементи“ се заменуваат со зборовите „унапредување на имплементацијата на легислативните елементи“.

6. Во делот (кохабитација) со Претседателот на Република Македонија, покрај точката „Избор на член на Советот на јавни обвинители кој се бира по предлог на Собранието“, да се дополни и точка „Избор на член на Уставниот суд на Република Македонија, на кој му истекува мандатот.“.

7. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го презентира Планот „3-6-9“ пред јавноста, како и да го достави до Европската комисија и до земјите членки на Европската Унија.

8. Планот „3-6-9“ да се достави до Собранието на Република Македонија за информирање.

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието на Република Македонија е определен д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања.

9. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со надлежните институции да продолжи со дефинирање на среднорочните и долгорочните мерки и за истите соодветно да ја информира Владата.

10. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, да воспостави мониторинг и механизам за следење на имплементацијата на Планот „3-6-9“ и соодветните извештаи да ги доставува до Владата и до Европската комисија.

Истовремено, Владата заклучи, согласно член 39 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, да се образуваат стручни совети како постојани консултативни тела - Правен совет и Економски совет.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за ревидирањето на Секторската оперативна програма за транспорт 2014 – 2020 (СОПТ 2014-2020), со нов текст на ревидирана Секторска оперативна програма за транспорт 2014 – 2020 (СОПТ 2014-2020) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Фуснотата во глава 1.2.2 (стр. 19) од ревидираната Секторска оперативна програма за транспорт 2014 – 2020 (СОПТ 2014-2020), да изостане.

2. Во текстот на ревидираната Секторска оперативна програма за транспорт 2014 – 2020 (СОПТ 2014-2020) секаде каде што се споменува Коридорот 8 да се додаде и делницата Скопје – Блаце, како стратешки значајна делница.

3. Делот 5.6.1.1 (стр.58), кој се однесува на железничкиот Коридор 8, делница Кичево-Лин, граница со Република Албанија, каде е наведено дека физибилити студијата е завршена, да се дополни, во насока дека и понатаму ќе се продолжи со градежните активности, со цел нејзина конечна реализација.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од два дена да ја достави ревидираната Секторската оперативна програма за транспорт 2014 – 2020 (СОПТ 2014-2020) до Секретаријатот за европски прашања.

5. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во рок од два дена по приемот од Министерството за транспорт и врски да ја достави ревидираната Секторска оперативна програма за транспорт 2014-2020 (СОПТ 2014-2020) до Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија.

## Точка 2

Владата го разгледа новиот текст на Предлог – законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда и Никола Прокопенко, раководител на сектор во Министерството за правда.

Истовремено, Владата го задолжи м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, во текот на наредниот ден да направи консултации во однос на предложените измени и дополнувања на Кривичниот законик, во делот на културата и доколку истите создаваат одредени практични проблеми во сферата на културата, да се иницираат соодветни измени на овој текст на предлог-закон.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изготвување Национална стратегија и Акциски план за сузбивање на радикализација и насилен екстремизам (2017-2020), како и изменување на Националната стратегија и Акциски план за борба против тероризам (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за правда, Министерството за правда - Управа за извршување санкции, Министерството за надворешни работи, Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии - Царинска управа, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за разузнавање, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Агенцијата за млади и спорт и Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи, а воедно се укажува на Агенцијата за електронски комуникации, во рок од десет работни дена до Министерството за внатрешни работи да доставаат номинации на член и заменик–член за Работната група за изготвување Национална стратегија и Акциски план за сузбивање на радикализација и насилен екстремизам (2017-2020), како и изменување на Националната стратегија и Акциски план за борба против тероризам.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да формира Работна група за изготвување Национална стратегија и Акциски план за сузбивање на радикализација и насилен екстремизам (2017-2020), како и изменување на Националната стратегија и Акциски план за борба против тероризам во борбата против тероризмот и следење на нивната имплементација, во рок од пет дена од денот на добивањето на номинациите.

**Точка** 4

Владата ја разгледа Информацијата за подготовките за учество на делегација на Република Македонија на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан, на 12 јули 2017 година во Трст, со предлог-платформа за настап на делегацијата и со нов текст на предлог-заклучоци и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат членовите на Делегацијата на Република Македонија, која ќе биде предводена од претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, да ги презентираат ставовите содржани во предлог-платформата за настап на делегацијата на Конференцијата.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги спроведе сите неопходни дипломатски и протоколарни подготовки поврзани со учеството на Делегацијата на Република Македонија на Конференцијата.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, до 11 јули 2017 година, да ја информира Владата за предлогот за Регионална економска интеграција и да предложи структура за следење и имплементација на Акцискиот план кој треба да се усвои на Конференцијата во Трст на 12 јули 2017 година.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да продолжи со имплементација на реформските мерки и согласно неговите проценки, до 15 септември 2017 година да подготви и до Владата да достави предлози за нивна забрзана имплементација.

5. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со Министерството за економија, да изготват анализа на степенот на имплементација на реформските мерки во областа на енергетиката и до 15 септември 2017 година да достават до Владата предлози за зајакната имплементација.

6. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Министерството за транспорт и врски, да ги преземе потребните дипломатски активности за промовирање на кандидатурата на Скопје за седиште на Секретаријатот на транспортна заедница до 11 јули 2017 година.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Министерството за надворешни работи да ја има предвид забелешката од Мислењето на Министерството за транспорт и врски по овој материјал.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и Министерството за економија, да одржат подготвителен состанок до крајот на оваа седмица во однос на делот на економските мерки од овој материјал, со цел истите прецизно да се разработат и да се утврдат фискалните импликации по Буџетот на Република Македонија.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „JCET-17-2“(„ЈЦЕТ-17-2“), во Република Бугарија, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „TORRI 2017” („Тори 2017“), во Република Италија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „PLATINIUM LION 17” („Платинест лав 17“), во Република Бугарија, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба на Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот-Скопје и ја донесе Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба на Комора на

Република Македонија за обезбедување на лица и имот-Скопје, со заклучок предлагачот да постапи согласно забелешките изнесени во мислењата на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за именување национален координатор, негов заменик, национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, секретар и членови на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, со заклучок, во текстот на Одлуката, во член 1 став 2, во делот кој се однесува на двосменска работа да се додаде и Министерство за одбрана-одделенија за одбрана за региони, во состав на Секторот за цивилно-воена соработка со регионални центри за одбрана.

Согласно ова, Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ја информира јавноста за распоредот на работното време во Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, со цел да се запознаат вработените, како и да се подготват институциите за новото флексибилно работно време.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа кои немаат систем за евиденција на работно време, до 1 септември 2017 година истите да обезбедат, со цел поефикасна контрола при регистрирањето на вработените лица.

**Точка 11**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Агенцијата за администрација за 2016 година и притоа го утврди следново мислење:

Формално, Извештајот за работа на Агенцијата за администрација за 2016 година е во функција на исполнување на законската обврска од член 13 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16 и 142/16), според кој Агенцијата за администрација, за својата работа за претходната година доставува годишен извештај до Собранието на Република Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година.

Од материјален аспект, Извештајот за работа на Агенцијата за администрација за 2016 година дава статистички приказ на работењето, но не содржи квалитативна анализа на спроведените активности произлезени од законските надлежности, ниту пак наоди и евентуални препораки за подобрување на состојбите во областите на управување со човечки ресурси во

административната служба – селекција на кандидати за вработување на административните службеници и обезбедување заштита на правата на кандидатите за вработување и на административните службеници.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 383 став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.169/15, 226/15 и 55/16), поднесена од Адвокатско друштво „Димитровски" од Битола и притоа го утврди следното мислење:

Со предметната иницијатива се поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 383 став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, согласно кој, ако сторителот доброволно не ја плати глобата или во рок од 30 дена не ја донесе возачката книшка заради регистрирање на негативни бодови, мандатниот платен налог има сила на извршна исправа и полицискиот службеник ќе го достави до органот надлежен за присилно извршување за негово извршување.

Подносителот на иницијативата наведува дека оспорената одредба се коси со член 8, член 50 и амандманот XXI од Уставот на Република Македонија.

Согласно член 8 став 1 алинеи 3 и 4 од Уставот на Република Македонија, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, меѓудругото се утврдени и владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Со членот 50 став 2 од Уставот на Република Македонија, се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Амандманот XXI гарантира право на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања, кое се уредува со закон.

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата во Глава XI „ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ" се врши усогласување на неговите одредби со одредбите од Законот за прекршоците(„Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како обврска за усогласување на одредбите од системски закон со материјалните закони.

Конкретно, во членот 383 став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата преземена е одредбата од членот 50 став 4 од Законот за прекршоците.

Од анализата на наведените законски одредби произлегува дека со Законот за прекршоците е утврдено дека за прекршоци за кои се изрекува глоба со издавање на мандатен платен налог се предвидени глоби во помал износ, како и можност место плаќање на глобата да се извршат определени работи, како што е општокорисна работа и запишување на негативни бодови, при што е дадена можност истото подетално да се разработи во материјалните закони кои содржат прекршочни одредби, а кои се комплементарни со Законот за прекршоците. Во Законот за прекршоците е дадена можност за водење на забрзани постапки за порамнување, меѓу кои и

мандатната постапка со издавање на мандатен платен налог, а со цел избегнување на водење прекршочна постапка пред суд, односно прекршочен орган. Пред издавањето на мандатниот платен налог на записник од страна на овластениот орган за поведување на прекршочна постапка се констатираат битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, а се забележува и дека е издаден мандатен платен налог. Оттука, целта на изрекување на глоба на самото место со издавање на мандатен платен налог е всушност да се избегне водење на прекршочна постапка во која се утврдува фактичка состојба и се изведуваат и ценат докази по однос на сторениот прекршок, а сепак да се оствари генералната и специјалната превенција на Законот.

Оттука, произлегува дека оспорената одредба од член 383 став (4) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е во согласност со одредбите од Законот за прекршоците со кои е уредена мандатната постапка со издавање на мандатен платен налог, а кој претставува „lex generalis“ во прекршочната материја.

Во конкретниот случај, во членот 383 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата се определени дејствијата кои полицискиот службеник ги презема во забрзаната мандатна постапка со издавање на мандатен платен налог за сторени прекршоци утврдени во наведениот закон. Притоа, во ставот (4) на наведениот член од Законот, е утврдено дека доколку сторителот доброволно не ја плати глобата во мандатниот платен налог или во рок од 30 дена не ја донесе возачката книшка заради регистрирање на негативни бодови, мандатниот платен налог има сила на извршна исправа и полицискиот службеник ќе го достави до органот надлежен за присилно извршување за негово извршување. Таквото уредување на прекршочната постапка од страна на законодавецот, според наша оценка, не е во несогласност со погоре цитираните уставни одредби со оглед дека Уставот определува со закон да се уреди правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечните правни акти, ниту пак е во колизија со одредбите на Законот за прекршоците, каде што на идентичен начин е уредено ова прашање.

Имено, во материјалните закони кои содржат прекршочни одредби се предвидени основи за пропишување на формата и содржината на мандатниот и прекршочниот платен налог. Целта на изрекување на глоба на самото место со издавање на мандатен платен налог е да се избегне водење на прекршочна постапка во која се утврдува фактичка состојба и се изведуваат и ценат докази по однос на сторениот прекршок, а сепак да се оствари генералната и специјалната превенција на Законот.

Смислата на постоењето на мандатниот платен налог е регулирање на оние прекршоци кои согласно законското битие на делото се прекршоци, но според тежината на делото спаѓаат во категоријата на ситни, противправни дејанија за кои фактичката состојба може лесно и брзо да се констатира и утврди „на лице место“ и овој институт во правната теорија е познат како „глоба на самото место“.

Од друга страна треба да се има предвид и објектот на заштита што се постигнува со мандатниот платен налог, а тоа е заштита на управната дисциплина, на јавниот ред или општествената дисциплина.

Со други зборови, се работи за објективна одговорност, односно објективен чин кој го утврдил

надлежен орган и истата неспорна фактичка состојба е поткрепена со записник изготвен на самото место и потпишан од страна на сторителот со кој „de facto“ го признава делото.

За сите други прекршоци за кое е предвидена поголема глоба и каде е потребно водење на посебна доказна постапка проследена со други доказни средства се применува институтот „барање за поведување на прекршочна постапка“ што значи водење на „постапка“, а со самото тоа и проверка на фактичката состојба од страна на надлежен орган.

Во контекст на наведеното, се цени дека не е сторена повреда на членовите 8 и 50, ниту на амандманот XXI од Уставот на Република Македонија, бидејќи со оспорената законска одредба не се нарушува принципот на владеење на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, судската заштита на поединечните акти на поединечните акти на државната управа, како и правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа и истата е во согласност со Уставот на Република Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се укажува дека Иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на членот 383 став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е неоснована поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на наведената законска одредба, со оглед на фактот што истата е во согласност со Уставот на Република Македонија.

## Точка 13

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Стамен Филипов од Скопје за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 112 став 1 во деловите: „треба“ и „и сите списи на предметот од првостепениот орган на второстепениот орган“ од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015) и притоа го утврди следното мислење:

Со членот 112 од Законот за општата управна постапка е уреден рокот за постапување по жалба во управната постапка. Притоа во ставот (1) од овој член е пропишано дека „Постапката по жалбата на второстепениот орган треба да се заврши без одлагање, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на предавање на жалбата и сите списи на предметот од првостепениот орган на второстепениот орган.“

Како основ за поднесување на Иницијативата, со која се предлага да се поведе постапка за оценување на уставноста на членот 112 став (1) во деловите „треба“ и „сите списи на предметот од првостепениот на второстепениот орган“, е наведен членот 247 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2005, 110/2008 и 51/2011), кој целосно престана да се применува од 1 август 2016 година. Причина поради која подносителот наведува дека треба да се пристапи кон оценување на уставноста на дел од одредбата, е тоа што во стариот закон било наведено „мора“ што имало императивно значење, додека пак зборот „треба“ немал такво значење. Дополнително е наведено дека делот од овој став „сите списи на предметот од првостепениот на второстепениот орган“ создавал законска

можност првостепениот орган да не ги достави на време списите на предметот и постапката по жалба да се решава во недоглед. Поради сето претходно наведено, наведените законски делови не биле од императивна природа, не биле прецизни и не биле одредливи, што оневозможувало да се постигне начелото на владеење на правото и правната сигурност на граѓаните, туку доведувало до владеење на вољата на првостепениот и второстепениот орган.

Владата на Република Македонија смета дека Иницијатвата е неоснована.

Имено, подносителот на Иницијативата, од она што го има наведено во истата очигледно не ги земал предвид сите одредби, како од претходниот Закон за општата управна постапка, Законот за управните спорови, така и од новиот Закон за општата управна постапка, поради што воопшто не го разбира механизмот на постапување на второстепените органи.

Во членот 247 став (1) од стариот Закон за општата управна постапка беше утврдено дека „Решението по жалба мора да се донесе и да се достави на странката штом тоа е можно, а најдоцна во рок од два месеца сметајќи од денот на предавањето на жалбата, ако со посебен пропис не е определен пократок рок." Сепак оваа одредба воопшто не е императивна како што наведува подносителот на Иницијативата, затоа што доколку второстепениот орган не одлучеше во определениот рок, странката имаше право да поведе управен спор. Имено, согласно членот 8 став (3) од Законот за управните спорови „Управен спор може да се поведе и кога надлежниот орган по барањето, односно по жалбата на странката не донел соодветен управен акт, под условите предвидени со овој закон." Странката немаше никакви други механизми на правна заштита, освен да поднесе иницијатива за вонреден инспекциски надзор до Државниот управен инспекторат, односно да поведе управен спор заради молчење на администрацијата.

Со новиот Закон за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), во самиот член 112 во ставот (2) е уреден механизмот за заштита на странките во случај на молчење на второстепениот орган, односно е пропишано дека „Кога второстепениот орган нема да го реши предметот во рамки на рокот од ставот (1) на овој член, странката има право да поведе управен спор." Дополнително согласно член 138 став (2) од Законот за општата управна постапка, и согласно Законот за управната инспекција, механизмот на доследна примена на законот преку инспекциски надзор исто така е обезбеден, како и со претходниот закон.

Од друга страна и постапувањето на второстепениот орган, во кој е вклучено и предавањето на „сите списи на предметот од првостепениот на второстепениот орган" како втор дел од Иницијативата е прецизно уредено во член 107 став (6) од Законот, кој пропишува дека „Кога првостепениот орган ќе утврди дека жалбата е допуштена, а не е потполно оправдана, тој без одлагање, а најдоцна во рок од седум дена, во електронска форма ќе ја испрати жалбата до второстепениот орган заедно со сите списи од предметот и одговор на жалбата." Доколку се работи за жалба поради молчење на првостепениот орган, тогаш согласно ставот (7) од истиот член е пропишано дека „Ако во случај на молчење на управата, првостепениот орган не го донесе управниот акт во рок од седум дена од приемот на жалбата, тој без одлагање во електронска

форма ја испраќа жалбата до второстепениот орган заедно со сите списи и писмено објаснување за причините поради коишто не го издал бараниот управен акт во рок од седум дена."

Оттука, се гледа дека целата постапка по однос на жалба е целосно уредена со Законот за општата управна постапка, односно роковите се прецизно утврдени, така да не постои никаква можност од било каква дискреција на органите, односно по сопствени убедувања да можат да избираат како ќе постапуваат во постапката по жалба.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Македонија смета дека Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 112 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015) во деловите „треба" и „и сите списи на предметот од првостепениот на второстепениот орган" е неоснована, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати предметната иницијатива.

## <u>Точка 14</u>

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.49/2016 донесено на седницата одржана на 25.5.2017 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 60 став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015 и 37/2016) и притоа го утврди следново мислење:

Во образложението на Решението на Уставен суд на Република Македонија У. број 49/2016 е наведено дека „Условите за основање, почнување со работа, вршење здравствена дејност и проширување на дејноста на здравствена установа се утврдени со членот 60 од Законот и истите, се до донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2016), се исти за сите здравствени установи, независно дали станува збор за јавни или приватни здравствени установи. Меѓутоа, со членот 5 од овој закон, во членот 60 е додаден нов став 3, кој предвидува исклучок од правилото дека условите за основање и почнување со работа се исти за сите здравствени установи. ..Тоа значи дека со овој новододаден став 3, се пропишуваат посебни услови кои важат само за приватна здравствена установа од примарна здравствена заштита која дејноста ја врши во простории на јавна здравствена установа врз основа на договор за закуп на простор склучен согласно со овој закон. Оттука, произлегува дека овие приватни здравствени установи, во однос на условите за основање и почнување со работа добиваат поинаков, привилегиран третман од јавните здравствени установи, но и од другите приватни здравствени установи од примарна здравствена заштита кои дејноста ја вршат во простории надвор од просториите на јавна здравствена установа, односно во приватен деловен простор, за кои остануваат да важат условите од член 60 став 1 алинеја 1 од Законот: да има во работен однос на неопределено време со полно работно време определен број здравствени работници во зависност од видот на здравствената дејност, односно специјалност. Произлегува дека видот на сопственоста на просториите каде што се врши дејноста е клучна за тоа кои и какви услови се потребни за вршење на примарна здравствена заштита, а не исполнувањето на условите во однос на персоналот и опремата, за што според судот, нема оправдување.

Според судот, неосновано и неприфатливо е образложението на Владата на Република Македонија за оправданоста на ваквото законско решение (мислење на Владата на Република Македонија бр.42-2928/1 од 12.04.2016 год., доставено до Уставниот суд по однос на наводите во иницијативата) со фактот дека приватните здравствени установи можеле да воспостават професионална соработка во давањето на здравствената заштита со јавните здравствени установи во чии простории ја вршат својата дејност преку земање под закуп и на тој начин да обезбедат квалитет на здравствената заштита, а дека пристапот во објектот во кој е сместена јавната здравствена установа бил „слободен" и дозволен за секој кој ќе учествувал во постапката за давање под закуп со што ќе добиел можност за отворање на приватна здравствена установа на примарно ниво под условите пропишани со оспорениот член.

Даденото образложение за оправданоста на оспореното законско решение не може да биде оправдување за противуставноста на истото. Ова од причина што со ваквата регулатива се доведуваат во нееднаква правна положба здравствените установи кои вршат дејност од примарна здравствена заштита и се повредува уставната гаранција на слободата на пазарот и претприемништвото. Се повредува еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите, која е уставно загарантирана, а се повредува и начелото на владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, која се изразува преку цврстата уставна определба дека во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите."

Уставниот суд на Република Македонија, тргнувајќи од наведеното, оценил дека основано може да се постави прашањето за согласноста на оспорениот член 60 став 3 од Законот за здравствената заштита, со член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 51 и член 55 ставовите 1 и 2 од Уставот на Република Македонија.

Во врска со наводите на Уставниот суд на Република Македонија изнесени во Решението У.бр.49/2016, сакаме да истакнеме дека пропишувањето на посебни услови за основање и почеток со работа на приватни здравствени установи на примарно ниво на здравствена заштита имаше за крајна цел стимулирање и создавање на поволни услови за осамостојување на „младите" доктори на медицина кои се на почетокот на својата професионална кариера самостојно да започнат да вршат здравствена дејност, како и стимулирање и создавање на поволни услови за постојните приватни здравствени установи да го зголемат обемот на својата работа. Притоа, нагласуваме дека овие „поволни" услови се од времен, а не од траен карактер. Имено, „не подолго од 24 месеци од основањето на приватната здравствена установа, односно од формирањето на новиот тим, се додека докторот на медицина или докторот на стоматологија во приватната здравствена установа не го изберат како избран лекар или избран стоматолог 700 пациенти, по што постои обврска да се комплетира тимот."

Со намера оваа стимулативна мерка да биде истовремено и поволна за пациентите, беше пропишана и обврска за приватната здравствена установа дејноста да ја врши во простории на јавна здравствена установа врз основа на договор за закуп на простор склучен согласно со Законот за здравствената заштита. Ова беше воведено како обврска, односно пропишано како услов во однос на просторот за да биде надоместено „отсуството" на медицинската, односно стоматолошката сестра од тимот и минимизирани евентуалните неповолни настани. Имено, јавните здравствени установи се должни да обезбедат услови за укажување на континуирана

медицинска помош во текот на 24 часа, што се обезбедува со рамномерно распоредување на работното време, со работа на смени, дежурство, приправност или комбинација на тие облици на работа. Оттука, во јавните здравствени установи во секое време има здравствени работници со кои може оваа приватна здравствена установа да оствари соработка. Тргнувајќи од наведеното, оспорената законска одредба не е на штета ниту на приватните здравствени установи, ниту на штета на пациентите.

Инаку, согласно Законот за здравствената заштита секоја здравствена установа за да може да се основа, да почне со работа, да врши здравствена дејност и да ја прошири дејноста мора да ги исполни условите во однос на просторот, опремата и кадарот пропишани со Законот за здравствената заштита и Правилникот за потребниот простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи („Службен весник на Република Македонија" бр.91/2013 и 125/2014). Тоа се однесува и на основањето, почетокот со работа, вршењето здравствена дејност и проширувањето на дејноста на приватни установи основани согласно оспорениот член 60 став (2) од Законот за здравствената заштита, кои исто така треба да го обезбедат потребниот простор, опрема и стручен кадар, со тоа што за нив со оспорената законска одредба се пропишуваат посебни услови во однос на кадарот и просторот, а во однос на опремата важат истите услови како и за сите други приватни здравствени установи. Оттука, неосновано е тврдењето на Судот дека видот на сопственоста на просториите каде што се врши дејноста е клучна за тоа кои и какви услови се потребни за вршење на примарна здравствена заштита, а не исполнувањето на условите во однос на персоналот и опремата.

Исто така, сакаме да нагласиме дека со оспорената законска одредба законодавецот направил исклучок од став 1 алинеја 1 на член 60, со цел да даде можност поради се помалиот интерес за работа на младите лекари како избрани лекари, а имајќи ја предвид притоа и старосната граница на избраните лекари во Република Македонија, при што неопходно е истите да се стимулираат и да покажат интерес за работа како избрани лекари.

Имајќи го предвид наведеното, целта на нормирање на една ваква можност е поттикнување на претприемништвото, односно поттикнување на младите лекари да ја разгледаат и прифатат можноста за основање нови здравствени установи. Оваа можност под вакви услови се дава за одреден временски период (најдолго во период од 24 месеци), во кој период лекарот треба да се стекне со 700 пациенти, при што оваа мерка нема за цел нарушување на слободата на пазарот како што е наведено во Иницијативата, туку се дава можност на младиот лекар да се стекне со статус избран лекар согласно член 60 став (3) од Законот за здравствена заштита и да работи без медицинска, односно стоматолошка сестра до стекнување на 700 пациенти, по што има обврска да го комплемира тимот, и како таков да работи по исти услови како и другите избрани лекари.

Согласно наводите во член 60 став (3) јасно се гледа дека законодавецот никого не довел во нееднаква положба со оглед дека исклучокот од став 1 алинеја 1 на член 60 подеднакво се однесува и во случај на основање на приватна здравствена установа од примарна здравствена заштита или при формирање на нов тим во постојна приватна здравствена установа од примарна здравствена заштита која дејноста ја врши во простории на јавна здравствена установа врз основа на договор за закуп на простор склучен согласно со овој закон.

*

*   *

Во продолжение потсетуваме на аргументацијата што предлагачот на Законот за здравствената заштита ја даде во прилог на уставноста на оспорената законска одредба кога во април 2016 година до него беше доставена Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 5 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/16) со кој во членот 60 се додава нов став (3) и неговото тврдење дека истиот не е во согласност со одредбите на член 8 став 1 алинеја 3 (владеење на правото), член 9, член 32 став 2, член 35, член 39, член 51 и член 55 од Уставот на Република Македонија.

„Област на здравствената заштита е високорегулирана што сведочи за нејзиното значење како дејност од јавен интерес.

Имено, согласно член 12 од Законот за здравствената заштита, здравствената дејност е дејност од јавен интерес и претставува дејност што се врши како јавна служба со која се обезбедува здравствена заштита, а која ги опфаќа мерките, активностите и постапките, кои во согласност со медицината заснована на докази и со користењето здравствена технологија, користат за зачувување и унапредување на здравјето, за спречување, рано откривање и сузбивање на болести, повреди и други нарушувања на здравјето предизвикани од влијанието на работната и животната средина, за навремено и ефикасно лекување, како и за здравствена нега и рехабилитација.

Имајќи ја предвид суптилноста на здравствената заштита, сфера која е најтесно поврзана со животот и здравјето на луѓето, со оспорената законска одредба не се повредува член 8 и член 55 од Уставот на Република Македонија, односно темелните вредности на уставниот поредок или поконкретно владеењето на правото и слободата на пазарот и претприемништвото. Имено, основната интенција на законодавецот со оспорените одредби е извршување на неговата одговорна задача детално да ги пропише условите под кои ќе се врши здравствената дејност и во тој контекст да ги утврди условите за основање, почнување со работа, вршење здравствена дејност и проширување на дејноста на здравствената установа, при што примарна цел во овој сегмент е грижата за здравјето на населението, а создавањето услови на пазарна конкуренција има секундарен карактер.

Со оспорените законски одредби не се навлегува во ограничување на слободата на пазарот и претприемништвото, затоа што прашањето за утврдување на условите за основање, почнување со работа, вршење здравствена дејност и проширување на дејноста на здравствената установа не се слободни пазарни активности и слободно претприемништво, туку услов кој се утврдува за основање на здравствени установи кои вршат дејност од јавен интерес, даваат јавни услуги и според својата правна положба утврдена со закон не вршат профитна дејност.

Како што е познато, здравствената дејност се врши во здравствени установи, а „установа“, според член 2 точка 21 од Законот за установите е секоја форма на организирање заради вршење на јавна услуга како дејност која не е подведена под трговските дејности утврдени со закон (нестопанска дејност) и која може со закон да биде утврдена како дејност од јавен интерес. Јавна услуга е услуга што е неопходна за сите граѓани поради што улогата на државата како „мајка“ на своите граѓани е многу важна. Во таа смисла државата, особено во услови кога во последните

децении приватните субјекти даваат јавни услуги, ги утврдува „правилата на игра", а потоа врши и контрола на нивната работа.

Аргумент повеќе во прилог на тврдењето дека со оспорените членови не се доведува во прашање начелото на слобода на пазарот и претприемништвото е фактот што здравствената дејност како дејност од јавен интерес се врши во рамки на мрежата и надвор од мрежата на здравствени установи, при што вршењето на здравствената дејност во мрежата значи (член 15 точка 20 од Законот) целиот вишок на приходи над расходите здравствените установи да ги намени за развој на здравствените услуги и здравствената дејност, од кои причини здравствената дејност која се обавува во овие установи не потпаѓа под режимот на пазарните законитости и вредности својствени за правните субјекти кои дејствуваат во пазарни услови.

Имајќи ги во вид наведените уставни одредби наспрема суштината и целта на Законот за здравствената заштита, оспорените одредби, како и Законот во целина, се состои во нормирање на прашања кои претставуват основи, услови и процедури за основање и работа на здравствените установи, се со цел да се пресретнат потенцијалните опасности по животот и здравјето на луѓето и да се обезбеди остварување на начелото на квалитетен и сигурен здравствен третман дефинирано со членот 11 од Законот за здравствената заштита на следниот начин: „Начелото на квалитетен и сигурен здравствен третман се обезбедува со унапредување на квалитетот на здравствената заштита преку примена на мерки и активности, кои во согласност со современите достигнувања во медицинската наука и практика, ја зголемуваат можноста за позитивен исход, намалување на ризиците и другите несакани последици по здравјето и здравствената состојба на поединецот и општеството во целина." Тргнувајќи од наведените причини, не треба да се постави прашањето за согласноста на наведените оспорени членови со членот 55 од Уставот на Република Македонија.

Инаку, со оспорената законска одредба од една страна треба да се обезбеди квалитетен и сигурен здравствен третман и соодветно ниво на квалитет на здравствената заштита, а од друга страна да се создадат поволни услови за капацитетно зајакнување на здравствената дејност на примарно ниво како ниво на здравствена заштита најдостапен и „најблизок" до граѓаните кој им ги задоволува најосновите и најнужните здравствени потреби преку стимулирање на докторите на медицина кои штотуку положиле стручен испит и се стекнале со лиценца за работа да отвораат приватни здравствени установи на примарно ниво на здравствена заштита, односно да се формираат нови тимови во постојните приватни здравствени установи на примарно ниво на здравствена заштита.

За потсетување и потенцирање на значењето на здравствената дејност на примарно ниво, го цитираме членот 30 од Законот за здравствената заштита спред кој:

(1) Здравствена дејност на примарно ниво опфаќа:

1) откривање и лекување на болести и повреди, давање на здравствена и акушерска нега и спроведување на медицинска рехабилитација на пациенти, која согласно со разграничувањето на работата спаѓа во примарно ниво;
2) спроведување на посебни програми за хронични болни и стари лица;
3) здравствена дејност за областа на сексуалното и репродуктивното здравје;
4) здравствена дејност за потребите на децата и училишната младина;
5) здравствена дејност од областа на здравјето и безбедноста при работа;

6) спроведување на превентивни програми и мерки кај децата, младината, жените, вработените и старите лица и други посебно загрозени групи, односно групи кои се посебно изложени на определени здравствени ризици и спроведување скрининг програми за откривање на факторите на ризик за настанување на болест, односно за рано откривање на првите знаци на болеста, освен оние скрининзи за кои се определени здравствени установи на други нивоа;
7) упатување на пациенти во здравствени установи на секундарно и терцијарно ниво и координирање на нивниот третман;
8) спречување, откривање и лекување на болести на устата и забите и спроведување на забно-протетичка рехабилитација;
9) здравствен третман и медицинска рехабилитација на возрасни, деца и младинци со посебни потреби;
10) патронажна дејност;
11) имунизација;
12) здравствена нега и акушерска нега;
13) лекување и здравствен третман во домот на пациентот;
14) итна медицинска и стоматолошка помош;
15) утврдување на привременото отсуство од работа и упатување на осигурените лица за вештачење на фондовите за социјални осигурувања;
16) вршење на услуги од лабораториската медицина;
17) препишување на лекови и
18) фармацевтска дејност.

Со членот 31 се дефинираа дека здравствената дејност во мрежата на примарно ниво се врши во ординации и поликлиники, заботехнички лаборатории, здравствени домови и аптеки, па оттука произлегува и упатеноста на меѓусебна соработка и поврзаноста на здравствените домови и ординациите/поликлините.

Притоа, преку давање на можност за вршење на здравствена дејност без медицинска, односно стоматолошка сестра само доколку приватната здравствена установа користи просторија под закуп во здравствен дом се компензира отсуството на медицинска, односно стоматолошка сестра од тимот што треба да ја врши здравствената дејност бидејќи по правило здравствената дејност ја врши „тим“ кој со членот 15 точка 35. се дефинира како група здравствени работници која обезбедува вршење на здравствена дејност во обемот за кој е задолжен во рамките на здравствената установа во мрежата на определено ниво на здравствена дејност. “

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не донесе одлука за поништување или укинување на член 60 став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016).

## Точка 15

1. Владата на Зоран Поповски разрешен од функцијата директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, му утврди право за остварување плата по

престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 16.6.2017 година до 16.6.2018 година.

2. Владата на Ромео Деребан разрешен од функцијата в.д директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 27.6.2017 година до 27.6.2018 година.

3. Владата го разреши Никола Зафиров од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, на негово барање.

4. Владата го разреши Осман Мислими од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, на негово барање.

5. Владата ја разреши Розета Видоеска од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија- Скопје, на нејзино барање.

**<u>Точка 16</u>**

1. Владата заклучи:

- Се укажува на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката – Скопје, од веќе издвоените средства во висина од 4.000.000,00 денари, 1.500.000,00 денари, да се пренаменат за плаќање за итна набавка на 50 ЛЕД телевизори за потребите на Телеком Арена во Скопје, согласно склучените договори.

2. Министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски, им укажа на членовите на Владата од потребата доследно да се почитува писмото со упатства, односно краткорочни, среднорочни и долгорочни задолженија со цел реализација на проектите кои се во интерес на граѓаните и се дел од Програмата на Владата на Република Македонија, доставено од Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, до сите членови на Владата, на 1-та седница на Владата, одржана на 5.6.2017 година.

3. Владата на предлог на Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, во врска со забележаните неправилности во однос на уписот во средните училишта на ученици од ромска етничка заедница, заклучи да укаже на средните училишта строго да се придржуваат до критериумите за бодирање при уписот имајќи ги предвид законските критериуми, со цел да има правичност во делот на уписот на ученици од сите етнички заедници.

4. Владата ја разгледа Информацијата за состојбата и функционирањето на Градскиот трговски центар во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии - Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и Централна единица за хармонизација на системот на јавна внатрешна финансиска контрола, во рок од пет дена, да изврши финансиска инспекција во АД Градски трговски центар - Скопје и во рок од пет дена по завршување на инспекцијата да ја информира Владата наодите од инспекцијата.

2. Се укажува на АД Градски трговски центар - Скопје и АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост- Скопје, во соработка со Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, во рок од 10 дена, да направи анализа на доставените барања од аспект на можноста за нивна реализација и за нивните фискални импликации кои би ги имале врз работењето врз АД Градски трговски центар – Скопје и за можните решенија врз основа на направената анализа да ја информирааат Владата во рок од 60 дена.

5. Владата, во врска со барањето доставено од Кабинетот на д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, за комплетирање на Комисијата за жалби при Централниот регистер на Република Македонија (со инкорпорирање на еден член) за нормално функционирање на истата, го задолжи генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски дописот/барањето со соодветен предлог да го достави до претседателот на Владата на Република Македонија, со цел разгледување на можноста до петок (7.7.2017 година) да се именува член во Комисијата за жалби при Централниот регистер на Република Македонија.

6. Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев заклучи до крајот на оваа недела Министерството за финансии до Владата да достави предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година (ребаланс), кој да биде разгледан на седницата на Владата која ќе се одржи на 6.7.2017 година или 7.7.2017 година.

**Точка 17**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за издавање на краткотрајна позајмица на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за процесот на проценка на влијанието на регулативата (ПВР) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства, најдоцна во рок 15 дена по усвојувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија, да подготват Годишен план за

спроведување на проценка на влијанието на регулативата (ПВР) и истиот да го објават на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).

2. Се задолжуваат сите министерства, објавувањето на Известувањето за почеток на подготовка на предлог-закон, Нацрт-извештајот за ПВР, текстот на предлогот на законот, Извештајот за ПВР и предлог-законот на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) да го вршат преку системот за е-влада.

3. Се задолжуваат сите министерства, Нацрт-извештајот за ПВР да го доставуваат на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација по истекот на минималниот рок од 10 дена за консултација на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).

4. Се задолжуваат сите министерства, најдоцна во рок од 5 дена по утврдување на предлогот на закон од страна на Владата и добивање на Извадок од Нацрт- записникот од одржаната седница на Владата на Република Македонија, да извршат објава на Извештајот за ПВР, заедно со предлогот на законот на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).

5. Се задолжуваат сите министерства, за законите објавени за консултација на Единствениот национален електронски регистар на прописи, најдоцна во рок од 5 дена по добивање на Извадок од Нацрт-записникот од одржаната седница на Владата на Република Македонија дека законот е утврден од страна на Владата, да извршат промена на статусот на законот од „отворен" во „затворен".

6. Се задолжуваат сите министерства, во рок од 15 дена по добивање на Извадок од Нацрт-записникот од одржаната седница на Владата на Република Македонија до Министерството за информатичко општество и администрација да достават номинации за ПВР координатор и негов заменик со следните податоци: име и презиме, звање и работно место, назив на министерство, контакт телефон и електронска адреса.

7. Се задолжуваат сите министерства, во рок од 15 дена по добивање на Извадок од Нацрт-записникот од одржаната седница на Владата на Република Македонија до Министерството за информатичко општество и администрација да достават номинации за владин администратор и владин уредник за Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) со следните податоци: име и презиме, звање и работно место, назив на министерство, контакт телефон и електронска адреса.

8. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 60 дена по добивање на Извадок од Нацрт-записникот од одржаната седница на Владата на Република Македонија да ја разгледа можноста за зголемување на минималниот рок од 10 дена за консултација и до Владата на Република Македонија да достави Предлог-деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата.

**Точка 19**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за можностите за користење на средства од Зелениот климатски фонд (Green climate fund) и реноминација на Назначен национален орган (DNA Designated national authority), односно Назначено лице (Focal point) и Технички назначено лице, за наредната седница на Владата.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за мерките кои се однесуваат за одржливи енергетски системи кои произлегуваат од Повелбата за одржливост, со Повелба за одржливост - План за имплементација, за наредната седница на Владата.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за преговорите и предлог-активностите за градење на Регионална економска област на Западен Балкан, иницирана во рамки на Берлинскиот процес, со Анекс 1 и Анекс 2 - листа со претставници на институциите на Република Македонија кои учествуваа на подготвителните состаноци за Предлог - акцискиот план за РЕО (Анекс 2) ја усвои и притоа заклучи:

1. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и Министерството за финансии, да определат претставници во работното тело (од Анекс 2) за градење и спроведување на Регионалната економска област во Западен Балкан, кои би биле вклучени во идните активности за спроведување на Акцискиот план и најдоцна до 7.7.2017 година (петок) да го известат Министерството за надворешни работи за претставниците.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, по усвојувањето на Акцискиот план за РЕО, до Владата да достави извештај за усвоениот план, со предлог-координативно тело за негова имплементација.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за статус и идни чекори за проектот „Изградба на експресен пат на делница клучка Дреново-Градско, како дел од крак X-d на патниот коридор X", предвиден како голем проект во рамките на Секторската оперативна програма транспорт 2014 – 2020, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт и врски, во соработка со Секретаријат за европски прашања, проектот за проширување на патната делница од Прилеп до мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на патната делница од Беловодица до каменоломот на Маврово, да го предвиди за финансирање во рамките на Секторската оперативна програма за транспорт 2014 – 2020.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за одложена имплементација на наставните планови и програми за I (прва) година на гимназиското образование, средното стручно четиригодишно образование и за средното стручно тригодишно образование и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука, да го одложи започнувањето на имплементација на новите наставни планови и програми по наставните предмети математика, физика, хемија и биологија за I (прва) година на гимназиско образование, за I (прва) година на средно стручно четиригодишно образование и за средно стручно тригодишно образование во сите средни училишта.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, да ја извести Владата најдоцна до 17.7.2017 година за реализацијата на заклучокот број 1.

3. Се задолжува Бирото за развој на образованието, да ги преземе сите активности од нивна надлежност согласно Информацијата за одложена имплементација на наставните планови и програми за I (прва) година на гимназиското образование, средното стручно четиригодишно образование и за средното стручно тригодишно образование и за истото да ја извести Владата најдоцна до 17.7.2017 година.

**Точка 24**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година (усогласен со Секретаријатот за законодавство), во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја донесе Уредбата за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година, во предложениот текст.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14.00 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**